Дирекција за безбедност
на класифицирани информации
Бр. 01 - 188/1
20.03 2018 година
Скопје

Врз основа на член 49 став 2, член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија", бр. 58/00, 44/02, 82/08 и 167/10 и 51/11), член 67 од Законот за класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија", бр. 9/04, 113/07, 145/10, 80/12 и 41/14) и член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор („Служвен бесник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14 и 27/16 директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, донесе:

# ПРАВИЛНИК

## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации

### Член 1

Со овој правилник се вршат измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, бр.01-283/1 од 19.08.2016 година, и тоа во Член 5 и Член 13.

### Член 2

Во Член 5 во табелата во систематизирани работни места во редот за нивото В01 за систематизирани работни места, бројот „10" се заменува со бројот „9" и во редот за систематизирани работни места во редот за ниво В04 бројот „12" се заменува со бројот „13"

### Член 3

Во Член 13 точка *Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор, Одделение за општи и нормативно правни работи,* работното место бр. 3, советник за нормативно – правни работи УПР 01 01 В01 000, 1 извршител, се брише.

### Член 4

Во Член 13 точка *Одделение за странски класифицирани информации,* по работното место бр. 19 се додава работното место број 19 а **УПР 01 01 В04 000 помлад соработник за дисеминација на НАТО/ЕУ класифицирани информации кое гласи:**

| | |
|---|---|
| **Одделение за странски класифицирани информации** | |
| **Реден број** | 19 а |
| **Шифра** | УПР 01 01 В04 000 |
| **Ниво** | В04 |
| **Звање** | Помлад соработник |

| | |
|---|---|
| **Назив на работното место** | Помлад соработник за дисеминација на НАТО/ЕУ класифицирани информации |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на Одделение странски класифицирани информации |
| **Вид на образование** | – (одбрана, организациони науки и управување ( менаџмент) и правни науки); |
| **Други посебни услови** | – поседување на национален безбедносен сертификат со степен “ДРЖАВНА ТАЈНА”; |
| **Работни цели:** | Спроведување на одредени функции од делокругот на одделението и помагање при извршување на работите поврзани со дисеминацијата на НАТО/ЕУ класифицирани информации. |
| **Работни задачи:** | - извршува работи и задачи за дисеминација, распоредување, распространување и архивирање на НАТО/ЕУ класифицирани информации и други странски класифицирани информации;<br>- континуирано ги следи националните, НАТО/ЕУ и други меѓународни прописи;<br>- помага во изработка на извештаи и службени белешки од делокругот на работата на одделението;<br>- помага при изработка на интерни акти за потребите на корисниците на класифицирани информации;<br>-исполнува работи и задачи со класифицирани информации согласно принципот ,, потребно е да знае,,;<br>-врши задачи по упатства и надзор од раководителот на одделението;<br>- помага при подготовка на месечен и годишен извештај за работата на одделението<br>- за својата работа одговара во рамките на своите овластувања; |

**Член 5**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на правилникот се вршат измени и дополнувања и во табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила од денот на неговото донесување, а ќе се применува по добиената согласност од Министерство за информатичко општество и администрација и неговото објавување на огласната табла во Дирекцијата.

Дирекција за безбедност на класифицирани информации

ДИРЕКТОР

Стојан Славески